# ДОДАТОК XII

# ОПИС НА ДРУГИ ПЛАНИРАНИ ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ

**Друштво за производство, земјоделие, трговија и услуги „ФРЕШ ФАРМ“ ДОО увоз – извоз Мршевци, Илинден**

**Барање за добивање на А интегрирана еколошка дозвола**

## ДОДАТОК XII

## ОПИС НА ДРУГИ ПЛАНИРАНИ ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ

**Содржина:**

XII.1. Спречување на несреќи и итно реагирање ........ 3

XII.1.1. Инциденти или хаварии при секојдневното работење на живинарската фарма . 3

XII.1.2. Хаварии/ризици од природни и други непогоди ........ 5

XII.1.3. Обуки за постапување во случај на непогоди ........ 7

XII.1.4. Прва медицинска помош ........ 7

XII.1.5. Мерки за евакуација ........ 8

XII.1.6. Оградување на границите на инсталацијата со заштитна ограда ........ 8

### XII.1. Спречување на несреќи и итно реагирање

Спречување на загадување при секојдневните активности во живинарската фарма е приоритетна цел во заштитата на животната средина. Дополнително, Операторот спроведува мерки за спречување на инциденти, како и за минимизирање на последиците од нив доколку тие сепак се случат.

Во рамки на живинарската фарма Фреш Фарм, типот на несреќи или хаварии кои можат да се појават, можат да бидат предизвикани од инциденти при секојдневното работење или од природни и други непогоди.

Во продолжение на ова поглавје, ќе биде даден подетален опис на можните несреќи и хаварии кои имаат влијание врз животната средина од емисиите на загадувачки материи при инцидентите.

#### XII.1.1. Инциденти или хаварии при секојдневното работење на живинарската фарма

Во текот на секојдневното работење на живинарската фарма на Фреш Фарм, може да дојде до ***инциденти од механички карактер*** (дефект на машина или опрема, инсталирани системи; излевања на гориво, масла, екскрет, дезинфикатори и сл.), кои се решаваат веднаш од страна на стручните лица вработени во Фреш Фарм или преку ангажирање на друга овластена компанија за отстранување на настанатите проблеми со која Операторот ќе склучи Договор.

Во случај на ***истекувања***, важно да се запре истекувањето или да се спречи проширување на евентуалното загадување. На површини каде дошло до истурање, потребно е преземање на следните активности:

- Запирање на неконтролираното истекување;
- Евентуално загадената почва мора веднаш да се отстрани и времено складира во посебен сад и со истата да се постапува како со опасен отпад, доколку истата е загадена со опасни материи;
- Површините на предметите да се исчистат со користење на материјали кои ќе го апсорбираат истекувањето;
- Користење на лична заштитна опрема и облека при инцидентни ситуации;
- Употребените материјали за чистење треба да бидат ставени во соодветни садови и со нив да се постапува како со опасен отпад;

За спречување на загадувањето на почвата и подземните води во случај на инцидентно излевање на дизел гориво од резервоарот во кој ќе се складира, Операторот ќе набави и инсталира собирен сад со соодветен волумен за зафаќање на евентуалните

истекувања и безбедно враќање на горивото во резервоарот, без притоа да се загади животната средина.

При појава на хаварија/инцидент во инсталацијата поради ***неисправност на вентилационите системи или дефект на системот за изѓубрување*** (истекување на екскрет), можно е зголемување на концентрациите на амонијак и сулфур водород во воздухот во инсталацијата и нејзината околина и појава на интензивна миризба. Во тој случај Операторот ќе пристапи кон итно отстранување на дефектот, преку повикување на овластен сервисер или ангажман на стручни лица од инсталацијата и спречување на понатамошно загадување на животната средина.

Назначеното одговорно лице/а за технолошкиот процес во живинарската фарма, во услови на инцидент/хаварија, ќе ги почитува пропишаните постапки за безбедно запирање на изворот на инцидентот, за спречување на потенцијални емисии во животната средина.

Во текот на оперативната фаза на живинарската фарма, можно е ***хемиско или бактериолошко загадување на експлоатациониот бунар кој се користи за водоснабдување на живината***, како резултат на инцидентно истекување на течно гориво (дизел) или масла од возилата кои ќе доставуваат суровини или ќе ги преземаат и транспортираат пакувањата со јајца. Потенцијално загадување на подземните води може да се појави и од истекување на екскрет. Операторот ќе пристапи кон оградување на локацијата на бунарот и ограничување на движењето на возила во близина на бунарот.

Во случај на ***појава на небезбеден производ***, контролата врз ситуацијата ја има Агенцијата за храна и ветеринарство. Согласно Закон за безбедност на храната и инструкциите на инспекторите на АХВ се пристапува кон уништување на производот на начин кој ќе биде безбеден за луѓето и околината.

Доколку се појави ***болест кај живината***, веднаш се постапува во согласност со насоките од Агенцијата за храна и ветеринарство и истата се отстранува од одгледувалиштата на безбеден начин за да се спречи ширење на болеста. Се преземаат соодветни безбедносни мерки на дезинфекција на објектите.

За да не дојде до несакани последици по безбедноста и здравјето на луѓето, во случај на хаварија, ќе се постапи согласно претходно подготвени упатства за ваков вид на хаварија/несреќен случај.

### XII.1.2. Хаварии/ризици од природни и други непогоди

Во живинарската фарма на "Фреш Фарм" покрај ризиците од секојдневното функционирање на производниот процес, постои можност за хаварии од природни или други непогоди (земјотреси, поплави, пожари и сл.).

**Пожар**

Во случај на пожар, неопходно е да се преземат следните мерки:

- Исклучување на доводот на електрична струја;
- Да се повика противпожарна служба и внимателно да се опише ситуацијата за да се одбере соодветна опрема за гасење на пожарот;
- Затворање на просториите или сите објекти во кругот, и исклучување на сите вентилациони системи.
- Евакуација на луѓето / персоналот
- Информирање на сите компетентни институции.

Согласно подготвениот Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (измени во тек на градба) од ДПРН „ДД Проект" Дооел Струмица, направена е проценка на загрозеност од пожар и анализа на опасности од пожар.

Оддалеченоста на инсталацијата од најблиската противпожарна единица на град Скопје (Автокоманда) изнесува околу 15,5 km. Противпожарните возила можат за 16 минути да стигнат до локацијата, во зависност од временските услови и условите во сообраќајот. Пристапот на возилата е преку постојната улица која поминува непосредно покрај инсталацијата.

Градежно-конструктивните елементи употребени во објектите ги имаат следните времетраење на пожарна отпорност: челични столбови 1 час, армирано бетонски столбови 3 часа, армирано бетонски греди 3 часа, преграден ѕид 2 часа, армирано – бетонска подна плоча 2 часа, фасадни ѕидови од керамички блок 2 часа, фасадни панели 1,5 час и кровна конструкција.

Затворањето на објектите е изведено од огноотпорни панелни лимови и ѕидарија, а кровната конструкција е челична решетка.

Главните излезни врати се обезбедени со систем за кочење во отворена положба со пожарна отпорност во времетраење од најмалку 1 час. Патиштата за евакуација, односно излезите се одбележани и осветлени со панични светилки, има патокази за насока на евакуација и означени излези за евакуација.

Усвоени се 4 собирни места од кои 2 се на предната страна на парцелата односно кај административниот дел и позади објектот за земјоделски производи, како и двата од задната страна кои ги опслужуваат одгледувалиштата.

Според одредбите од Правилникот за изборот на видовите на противпожарните апарати со кои треба да располагаат правните лица и граѓаните, земајќи ја во предвид вкупната површина на објектот, опремата во него, висината на неговото пожарно оптоварување, потребно е да се постават: 30 ПП апарати од типот "S-9", 17 ПП апарати од типот "S-50", 9 од типот $CO_2$ 5 покрај разводна табла.

За гаснење на евентуален пожар во објектите, е предвидена хидрантска инсталација од 9 ПП хидранти "Ф2", како и горенаведените апарати за гасење пожар.




*Слика 1 Правец на движење на ПП возило*




*Слика 2 Правец на движење на луѓе и означени собирни места*



*Слика 3 Поставеност на ПП апарати во одгледувалишта за кокошки несилки*



*Слика 4 Поставеност на ПП апарати во одгледувалиште за пилиња*

При градење на објектот за спроведување и примена на мерките за заштита од пожар во објектот одговорни се раководните лица и работниците кои имаат посебни овластувања, односно се одговорни за спроведување на мерките за заштита од пожар, одржување во исправна состојба и наменска употреба на уредите, техничката опрема , средствата за гасење, како и за запознавање на работниците со опасностите сврзани со работата што ги вршат, обука и начинот на употреба на техничката опрема и средствата за гасење на пожар.

**Природни непогоди**

Доколку се појави природна непогода (пр. јаки поројни дождови, ветришта, земјотреси и сл.), веднаш треба да се евакуира работниот персонал. Потоа следи заштита на објектите, посебно на оние од каде што може да дојде до загадување на животната средина.

### XII.1.3. Обуки за постапување во случај на непогоди

Операторот мора да осигура дека секој вработен има поминато обука за заштита од пожари при: вработување, распоредување на друга позиција, промена или воведување на нова работна опрема, промена и воведување на нова технологија за работа и сл.

### XII.1.4. Прва медицинска помош

Со првата медицинска помош се обезбедува навремена интервенција на здравствените сили со стандардни и прирачни средства на лице место на повредените вработени кои во одреден момент се загрозени од хаварии, природни или други несреќи. Со оваа

заштита е опфатен и транспортот на повредените вработени лица до најблиската здравствена установа.

### XII.1.5. Мерки за евакуација

Евакуацијата претставува планско, организирано, контролирано и привремено преместување на вработените и материјалните добра, од потенцијално загрозениот или веќе загрозениот објект, на помалку загрозено или потполно безбедно подрачје.
Со цел да ги имплементира активностите кои се поврзани со евакуација, живинарската фарма на "Фреш Фарм" ќе изработи План за евакуација во кој се содржани следните елементи:

- Извршување на задачите од Планот за евакуација од почеток на непосредната опасност до завршувањето на евакуацијата;
- Организација и спроведување на мерката за евакуација;
- Скица на евакуационите зони;
- Список на екипите за спроведување на евакуацијата;
- Преглед на материјалните добра кои се евакуираат, количините, кој и каде ги евакуира;
- Преглед на здравствените установи кои може да даваат здравствена заштита.

### XII.1.6. Оградување на границите на инсталацијата со заштитна ограда

Со цел обележување на границите на "Фреш Фарм" и зголемување на безбедноста во истата, инсталацијата е оградена по целата должина со метална жичана ограда.
На овој начин е оневозможен пристап за невработени лица во кругот на инсталацијата, со што е зголемена безбедноста на вработените и спречена е можноста од повреди на неовластени лица.